

# ПОПЛОЧУВАЊЕ
СО КНАУФ

**Кнауф лепила за керамика**:
Кнауф лепилата за керамика се тенкослојни и високо квалитетни лепила со кои можете да одберете соодветен и комплетен систем за поплочување со керамички плочки, грес-порцелан плочки, како и природен камен на секаков вид подлога. Кнауф лепилата за керамика ги задоволуваат највисоките пропишани стандарди и можат да одговорат на најстрогите барања во модерното градежништво. Со Кнауф лепилата за керамика поплочувањето е едноставно, брзо и сигурно.

## Кнауф Fliesenkleber N




Тенкослојно лепило за лепење керамички плочки на ѕид и под во внатрешни подрачја.
Содржи: цемент, речен песок, додатоци.
Потрошувачка: ~ 4 kg/m²
Пакување: 25 kg
EN 12004: CT

## Кнауф Fliesenkleber DIN




Тенкослојно лепило за лепење керамички плочки со силно моментално делување. Отпорно на мрзнење. За лепење плочки на ѕид и под, за внатрешна и надворешна употреба. Идеално за подрачја кои се изложени на зголемени оптоварувања, скали, супермаркети итн.
Потрошувачка: ~ 4 kg/m²
Пакување: 25 kg
EN 12004: C1T

## Кнауф Flexkleber




Флексибилно, збогатено тенкослојно лепило за лепење секаков тип на плочки на секаков вид подлога. Особено погодно за површини со зголемени температурни влијанија како на пр. подно греење, тераси итн, како и лепење плочка врз плочка. Отпорно на мрзнење. За внатрешна и надворешна употреба
Потрошувачка: ~ 4 kg/m²
Пакување: 25 kg
EN 12004: C2TE




## Кнауф Schnellkleber

Брзоврзивно тенкослојно лепило со силно моментално делување. Идеално за лепење керамика, холови, скалишта и други подрачја со зголемени оптоварувања. Се одликува со голема цврстина и лепи моментално. Поплочената површина е проодна по 3 часа и може да се фугира. Суперфлексибилно во комбинација со **Кнауф концентратот за дополнителна еластичност за подови и лепила.** За лепење плочки на ѕид и под, за внатрешна и надворешна употреба.
Потрошувачка: ~ 4 kg/m²
Пакување: 25 kg
EN 12004: C2FTE

## Кнауф лепило за мермер и природен камен (Knauf Marmor-und Natursteinkleber)

Бело флексибилно тенкослојно лепило. За сите видови природен камен, мермер и гранит. Идеално за подно греење. Поплочената површина е проодна по 6 часа и може да се фугира. За лепење плочки на ѕид и под, за внатрешна и надворешна употреба.
Потрошувачка: ~ 4 kg/m²
Пакување: 25 kg
EN 12004: C1FT







## Кнауф Superkleber

Фабрички подготвено лепило за употреба. Флексибилно тенкослојно дисперзиско лепило за лепење керамика, стиропор, акустични и меки фазер плочи. Идеално за „плочка врз плочка"
Потрошувачка: ~ 2,4 kg/m²
Пакување: 5 kg
EN 12004: D1TE

## ФУГИРАЊЕ
Кнауф Фугмаси

### Кнауф Fugenbunt

За фугирање со широчина на фуга 2-8 mm. Нијансирани флексибилни цементни фугмаси за фугирање впивливи керамички плочки на ѕид и под. Кнауф **Fugenbunt** се водоодбојни фугмаси со т.н Кнауф бисерен ефект. Не ја задржуваат водата долж фугата. Кај Кнауф водоодбојните фугмаси се спречува создавањето мувла, бактерии и нафаќање тврдокорни нечистотии. Кнауф Fugenbunt се карактеризираат со висок степен отпорност на абење, отпорни се на абразивни средства и се UV стабилни. За внатрешна и надворешна употреба. Широка лепеза избор на бои: 30 бои. Системски одговараат по боја со Кнауф санитарен силикон

Потрошувачка: ~ 400 g/m²
Пакување: 2 kg, 5 kg
EN 13888: CG2WA




### Кнауф флексибилна брзоствrднувачка фугмаса (Knauf Flexfuge schhnell)

За фугирање со широчина на фуга 2-15 mm. Брзоствrднувачки флексибилни водонепропустливи фугмаси за фугирање на невпивливи плочки, грес-порцелан плочки како и сите видови природен камен со т.н . Кнауф бисерен ефект. Особено се препорачуваат за фугирање на површини изложени на температурни влијанија: подно греење, балкони, тераси. Брзоствrднувачка, фугираната површина по 3 часа е проодна.

Потрошувачка: ~ 400 g/m²
Пакување: 5 kg
EN 13888: CG2ArW




Фугирање




## Кнауф фугмаса за мермер и природен камен (Knauf Marmor- und Naturstein-Fuge)

За фугирање со широчина до15 mm
Специјализирана фугмаса за мермер, гранит и сите видови природен камен.
Флексибилна и брзоствpднувачка.
Водоодбојна со т.н Кнауф бисерен ефект. Не ја задржуваат водата и нечистотијата долж фугата. Фугираната површина по 3 часа е проодна.
Потрошувачка: ~ 400 g/m²
Пакување: 5 kg
EN 13888: CG2ArW

## Кнауф Fugen Elast

**Fugen Elast** како додаток, Кнауф фугмасите ги прави суперфлексибилни и дополнително отпорни на нечистотија. Се препорачува како додаток на Кнауф фугмасата при фугирање на критични подрачја, површини кои се изложени на силни температурни влијанија како и директна, постојана изложеност на водени млазови.
1 l Fugen Elast + 5kg Fugenbunt + 1 l вода







## Кнауф Fugenreparatur

За брзо репарирање на истрошените и оштетените фуги. Идеално за во санитарни подрачја. За на ѕид и под.

Фугирање

## Кнауф Fugenfrisch

Сет за освежување на бојата на избледените фуги и фуги кај кои се нафатиле наслаги и притоа белата фуга ја изгубила својата боја. Со примената на Кнауф Fugenfrisch покрај тоа што се освежува белата фуга, фугите стануваат водоодбојни и се спречува нафаќање на бактерии, мувла и габи, како и фугата станува отпорна на абење.
Боја: Бела
Потрошувачка: 1 пакување / 15 m²






# ЕЛАСТИЧНО ФУГИРАЊЕ

## Кнауф Санитарен силикон (Knauf Sanitär Silicon) (антибактериски)

За приклучни и дилатациски фуги во санитарни и влажни подрачја. Штити од зафаќање мувла. На располагање во бои компатибилни со Кнауф Fugenbunt. UV стабилен и стабилен на температура од -50°C – 100°C. За внатрешна и надворешна употреба.

## Кнауф силикон за мермер и гранит (Knauf Marmor- & Granit Silicon)

За приклучни и дилатациски фуги кај спoеви со мермер, гранит и природен камен. Штити од зафаќање мувла. За внатрешна и надворешна употреба.



## Кнауф Aqua Dicht Silicon

Специјален силикон кој може брзо да се изложи на водени влијанија. Идеален е за аквариуми, стаклени витрини, за лепење стаклени плочки како и за керамички подлоги. Постојан е на солена вода. Безбоен.







## Кнауф кујнски силикон (Knauf Küchen Silicon)

За приклучни и дилатациски фуги во кујни и подрачја каде се произведува и приготвува храна. Неутрален е за водата за пиење и прехранбените продукти. Стабилен на температура до 150 °C. За внатрешна и надворешна употреба.

## Кнауф отстранувач на силикон (Knauf Silicon-Entferner)

За лесно отстранување на силиконски остатоци од секаква подлога. Отстранува силикон од дрво, стакло, емајлирани површини, плочки, природен камен и др.





## Кнауф – Лепило за огледало (Knauf Spigelkleber)

За лепење огледало на секаков вид подлога. За сите огледала произведени по европска норма EN 1238. Неутрално лепило, не ја нагризува емулзијата од задната страна на огледалото. Брзо се стврднува и има голема цврстина.UV стабилно.
Пакување: Картуша 300 ml

# ХИДРОИЗОЛАЦИЈА

## Кнауф хидроизолациски непропустлив премаз (Knauf Flächendicht)

Кнауф Flächendicht премазот овозможува високофлексибилно заптивање на површини кои ќе се поплочуваат во влажни и санитарни подрачја. Овозможува оптимална заштита на сите спoеви. Се комбинира со Кнауф Flächendichtband - хидроизолациска лента. Во зависност од потребите се нанесува во 2-3 слоја. Може да се нанесува и на Кнауф плочи и бетонски плочи, на ѕид и под. За внатрешна употреба.
Потрошувачка: 0,9 kg/m² кај Кнауф плочи, 1,3 kg/m² кај бетонски плочи
Време на сушење: 4 часа од слој до слој






## Кнауф хидроизолациска непропустлива трака (Knauf Flächendichtband)

За безпрекорно заптивање на спoеви ѕид со ѕид и ѕид со под во комбинација со Кнауф Flächendicht премаз. За внатрешна и надворешна упортреба.

## Постигнување идеална подлога




Основен предуслов за стручно поставување на плочки е цврста, носечка и рамна подлога.

Доколку на подлогата има поголеми пукнатини и фуги, истата треба пред поставувањето на плочките да се корегира со Кнауф средствата за израмнување.
Кнауф Самонивелирачка маса за израмнување подови (Knauf Selbstnivelierend Ausgleichmasse) може да се нанесе во слој со дебелина 3-15мм. Смесата е самонивелирачка и брзо и ефикасно постигнуваме идеално израмнување.
За подобрување на цврстината при реновирање секоја подлога претходно треба да се користат Кнауф премази.





Кнауф средства за чистење и нега

# КНАУФ СРЕДСТВА ЗА ЧИСТЕЊЕ И НЕГА

Се што имате убаво и вредно вградено во Вашиот дом, вреди долго да остане така. Со КНАУФ програмата за **чистење и нега** Ви нудиме професионално решение и за најтврдокорните флеки и нечистотии, со што Вашите санитарии, бањи и сите видови на подови ќе бидат негувани и чисти веќе од првиот ден. Со оваа програма Ви овозможуваме и изгледот на Вашиот поплочен под уште долго да го задржи сјајот како кога бил нов.
Ви нудиме комплетни системи за чистење, нега и заштита на мермер, гранит, камени површини, кулир плочи, кото површини, балкони и тераси



## Уништувач на мувла

Отстранува мувла од секаква подлога

## Средство за чистење санитарии и арматури

За интензивно чистење на тушеви, WC-а, славини, плочки, пластика и стакло. Отстранува каменец и корозија. Дезинфицира и создава сјај на површината (концентрат до 1:10).





## Сапун за под

Чисти и негува во еден чекор. Високо економично средство за сите видови површини (едноставно додадете една голема лажица од средството во кофа вода)

## Средство за чистење на урин камен

За чистење на тоалети, WC-а, писоари и слично. Ефикасно отстранува тврдокорни нечистотии, корозија, наслаги од каменец, урин каменец. Концентрат – содржи киселина. Се растворува до 1:20.





## Средство за чистење на гранит-грес површини

Отстранува тврдокорни нечистотии и е погодно за темелно чистење или чистење на погрешно негувани површини (концентрат до 1:10).

## Средство за чистење на PVC мебел

За ефикасно чистење на PVC прозорци, ролетни, PVC столчиња и маси.





**389 2 32 35 750**
info@knauf.com.mk
www.knauf.com.mk

Издание Фев. 2010

Кнауф дооел Скопје Бул. Александар Македонски бб
(до хотел Континентал) 1000 Скопје